МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ, врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр.50-6778/8 од 06.08.2025 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија, објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 03-8002/1
10-12-2025 год. / viti

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

ОБВРСКИ: Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши превземање на движните ствари предмет на јавниот повик и истите да ги селектира и транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост, Законот за управување со отпад и Закон за управување со електрична и електронска опрема и електричен и електронски отпад.

Јавниот повик е неделив.

ЛОКАЦИЈА: Движните ствари (електронска, електрична и информациска опрема како и канцелариски мебел) се наоѓаат на следната локација: Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул. Даме Груев бр.14, Скопје и ЈУ Детски дом 11 Октомври –Скопје, ул. Васил Ѓоргив бр.25, Скопје.

ПРАВО НА УЧЕСТВО: Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица, кои поседуваат важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (отпад од дрво, метал, пластика и електричен/електронски отпад) издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија. На повикот може да се јават и повеќе фирми со дозволи кои заедно ќе дадат понуда, со здружување на лиценците.

Листата на движни ствари – предмет на овој Јавен повик и понудата за заинтересирани правни лица се составен дел од јавниот повик кој ќе биде објавен на веб страната на Министерството https://www.mtsp.gov.mk/. Краен рок за доставување на пријавите за учество е 5 (пет) дена сметано со денот на објавата на јавниот повик. Контакт во врска со јавниот повик електронска адреса: zafir.canevski@mtsp.gov.mk

Прилог 1 – Листа на ствари


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

# ИНСТРУКЦИИ ПО ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

1. **ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ:** МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ, ул. Даме Груев бр.14 – Скопје има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат.

2. **ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК:** Предмет на јавниот повик се движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади и истите се наоѓаат на локацијата наведена во јавниот повик. Движните ствари кои се предмет на јавниот повик детално се опишани во Прилог 1, со назив/опис на движната ствар и количина. Избраното правно лице има обврска да изврши превземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги селектира и транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост, Законот за управување со електрична и електронска опрема и електричен и електронски отпад.

3. **КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР:** Критериум за избор на правно лице е преземање на движните ствари предмет на јавниот повик во најкраток можен рок, без надомест. Доколку повеќе правни лица понудат преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, без надомест за ист рок, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно право лице, ќе изврши избор на тоа правно лице доколку доставило прифатлива понуда, односно доколку ги исполнува законските услови и ги поседува потребните дозволи.

4. **ПРАВО НА УЧЕСТВО:** Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста предмет на


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. “Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

јавниот повик, односно кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Потребни документи кои треба да се доставаат <u>кон пријавата:</u>

- Способност за вршење на професионална дејност: - документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба (не постара од 6 месеци);
- Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (отпад од дрво, метал, пластика и електричен/електронски отпад), издадена од надлежен орган;

Техничка и професионална способност: - изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик; -изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и документите за техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака "Верно на оригиналот" на секоја прилог страница. Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот или доколку не го потпише во рок од 5 (пет) дена откако договорот е доставен до него електронски на официјална електронска адреса наведена во пријавата за учество по јавниот повик, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава со прифатлива понуда за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

## 5. КРАЕН РОК И НАЧИН ЗА ДОСТАВУВАЊЕ И ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО:

Краен рок за доставување на пријава за учество е 5 (пет) дена сметано со денот на објавата на јавниот повик. Пријавите може да се поднесуваат: - по пошта на следнава адреса: Министерство за социјална политика, демографија и млади – Скопје, ул. "Даме Груев" бр.14 – Скопје, или директно во Архивата на Министерството.

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворено плико со назнака "НЕ ОТВАРАЈ" за јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

6. **СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР:** Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од најмногу 3 (три) дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад и кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице, но истовремено ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

7. **ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ:** Правното лице со кое Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе склучи договор е должно да изврши превземање на движните ствари предмет на јавниот повик од просториите на Министерството за социјална политика, демографија и млади (односно од локацијата наведена во јавниот повик) и истите да ги селектира и транспортира на соодветен начин, согласно законските прописи. При превземање на движните ствари предмет на јавниот повик од страна на избраното правно лице, Министерството за социјална политика, демографија и млади и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на предметните движни ствари.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

НАЗИВ НА Правното лице, архивски број, датум и место, штембил

_______________________________________________

Во врска со Јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, објавен од страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади – Скопје, ја поднесуваме следнава

## Пријава за учество на Јавен повик

### ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

1. **Назив на правно лице:** _______________________________________________
2. **Контакт информации:**
   - **Адреса:** _______________________________________________
   - **Телефон:**_______________________________________________
   - **Факс:**_______________________________________________
   - **Е-пошта:**_______________________________________________
   - **Лице за контакт:**_______________________________________________
3. **Одговорно лице:**_______________________________________________
4. **Даночен број:**_______________________________________________
5. **Матичен број:**_______________________________________________

Со поднесувањето на оваа пријава за учество, изјавуваме дека превземањето на движните ствари ќе биде без надомест, а рокот во кој ќе извршиме превземањето на движните ствари предмет на јавниот повик изнесува: (________) _______________ денови од денот на склучување на договорот. (со број) (со зборови)

Исто така, со поднесување на оваа пријава за учество во целост ги прифаќаме условите предвидени во Јавниот повик и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката:

Одговорно лице во правното лице: _______________________________________________
(име, презиме, потпис и печат)

***Пријавата за учество ја потпишува одговорното лице на правното лице**

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот ______________________________________________ во својство на одговорно лице на правното лице_________________________________________ под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за соборање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

______________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице